# ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ЗДРУЖЕНИЕТО СРЕЌЕН ЖИВОТ ЗА 2018 ГОДИНА

## Вовед

Здружението „Среќен живот" е невладина и непрофитна организација формирана во декември 2001. Во својата долгогодишна работа организацијата работи на унапредување на ментално здравје на деца, млади и жени, промовирање на мултикултурно разбирање, почит толеранција и комуникација меѓу припадниците на различни етнички групи; организирање и спроведување на семинари, работилници , панел дискусии како и други едукативни активности поврзани со секојдневните и специфичните потреби на целните групи.

## 1. Мисија

Визионерски пристап за зајакнување на демократските вредности во мултиетничка држава, подобар живот за сите граѓани, и постигнување на мултикултурен соживот во мир и разбирање за сите луѓе во Република Македонија. Промовирање на менталното здравје на деца, млади и жени и нивна социјализација и вклучување во секојдневниот живот.

## 2. Главни области на делување

- Образование
- Човекови права
- Мултиетнички дијалог
- Граѓанското општество (вмрежување)



## 3. Целни групи

- Млади и деца
- Деца со посебни потреби
- Наставници од основни и средни училишта
- Жени и деца жртви на семејно насилство

## 4. Одговорни

- **Бранка Марковиќ**, Преседател на здружението Среќен Живот -Тетово; Психолог и социјален работник во центарот за деца со посебни потреби ОУ "Симче Наставски" Вратница.
- **Јорданка Трифуновска**, Претседател на огранокот на здружението Среќен Живот во Скопје; Професор по географија, консултат во областа на образованието

## 5. Активности

Проект: Практична обука за агротуризам
Партнери: СОУ Кочо Рацин СВ. Николе, СОУ Орде Чопела Прилеп, СОУ Киро Бруназ Куманово
Период на спроведување: 01.09.2018 до 01.08.2019
Целна група: 24 ученици на возраст од 14-18 години од средните стручни училишта
Опис на активноста: Практична обука за агротуризам на 24 ученици од средните стручни училишта во Крижевци Хрватска

Проект: "Здружени сили за заеднички интереси„ финансиран од ЦОСВ- Комитет на организациите за волонтерски услуги
Партнери: Општина Теарце
Период на спроведување: од 1.07.2017 до 30.06.2018
Целна група: Здруженија на граѓани , институции и граѓани на Општина Теарце
Опис на активноста: Како Менторска организација за Општина Теарце за зајакнување на влијанието на граѓанското општество во унапредувањето на односите во заедницата преку партиципативна демократија

Постигнат резултат: Формирано Општинско тело,одржани 4 граѓански форуми на кои се идентификуваа потребите на заедницата и спроведена иницијатива за решавање на дел од проблемите во основните училишта во Општина Теарце.

Проект: „Инклузија на жени од етнички заедници на пазарот на трудот„ финансиран од CARE Германија/ Луксембург и Женска Граѓанска Иницијатива АНТИКО, Скопје
Партнери: Општина Тетово
Период на спроведување: од 20.03. 2016 до 20.06. 2017
Целна група: невработени жени од етнички заедници од Тетово
Опис на активноста: Како Организација соработник за Тетово спроведени активности за овозможување на инклузивен пазар на труд во Тетово за вработување на жените од етничките заедници, зајакнување на нивните капацитети за вработување преку обуки, изнаоѓање фирми за практицирање .
Постигнат резултат: Зајакнати капацитети на 47 жени, вработени 5 жени.

Проект: " Наше кино„ Кампања: „Мрдни со прст“.
Партнери: ООУ„Симче Настовски“Вратница
Период на спроведување: од 06.03.2017 до 30.03.2017
Целна група: млади лица од селата Вратница, Беловиште, Старо Село, Рогачево, Јажинце и Орашје
Опис на активноста: Уредување и опремување на кино сала, отварање на кино сала, подготовка на презентации и отварање на кино сала.
Постигнат резултат: Мобилизирани 59 млади лица и 67 граѓани од руралната заедница ( Вратница, Орашје, Јажинце, Старо Село, Рогачево, Беловиште) и нивно активно вклучување во активностите , отворена кино сала во Вратница

Проект: "Креативен центар за деца со посебни потреби "Вратница
Партнери: Здружение Златна Рака Тетово
Период на спроведување: мај и јуни 2017
Целна група: 7 деца со посебни потреби
Опис на активноста: Социјализација на децата со посебни потреби, развивање на нивни креативни способности, развој на моторика, мислење и помнење.
Постигнат резултат: Спроведени се вежби и активности со кои се подобрува и развива моториката, мислењето и помнењето кај овие деца кои што ги водат стручни лица (психолози, педагози и дефектолози), професори по музичко и ликовно образование кај 7 деца со посебни потреби.

Проект: Социјална инклузија
Партнери : СУ Наце Буѓони – Куманово
Период на спроведување : Август 2016 – Март 2017
Опис на активноста : Сервисни услуги за Кариерно и Психо-социјално советување на млади од ранливи и маргинализирани групи.
Целна група млади од ранливи и маргинализирани групи
Постигнат резултат: Обучени 30 млади луѓе кои се изложени на ризик од социјална исклученост преку кариерна ориентација и психо-социјално зајакнување .
Пилот проект: Вклучување на деца со посебни потреби-аутизам во изучување на стар занает-плетење 2016-2017 со група занаетчии- Скопје

**Проект:** Развивање и помош во имплементација на образовниот проект на УНЕСКО „Светско наследство во рацете на младите“ како слободна активност во средните училишта.
**Главна цел:** Поддршка на процесот на пилотирање на проектот,,Светско наследство во рацете на младите ” и вклучување во образовниот систем на земјата, во координација со УНЕСКО, Националната комисија за УНЕСКО, Министерството за култура, Министерство за образование и наука (МОН), и Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО).
**Буџет:** 22.000 €**; Финансиран:** УНЕСКО**; Имплементиран:** Јануари,2012 - Јуни, 2012.

**Проект:** "Зајакнување на капацитетите на идните наставници во мултиетничко општество "

**Главна цел:** Идните наставници да развиваат вештини за настава со ученици од различни етнички заедници преку практично работа со ученици од основни училишта од Тетово **.**
**Активности:** 20 студенти од од Предагошкиот факултет –Тетово изведуваат практична работа со 40 ученици од основни училишта во текот на три месеци.Студентите треба да предаваат не само на својот етнос туку и на ученици од други етноси. При практичната работа тие спроведуваат креативни работилници, ликовни и спортски активности како и подучуваат по математика, мајчин и странски јазик и други школски предмети.
**Буџет:** 2000 € годишно; **Финансиран:** ОБСЕ; **Имплементација:** 2009 – во тек.

**Проект:** Проект за модернизација на образованието - обука на наставници
**Главна цел:** Спроведување на работилници во средни и основни училишта за цел градење на капацитетите на наставниците и подобрување на образовниот процес. Подготовка на три програми: а) Техники и нови методи и интерактивно предавање; б) Оценување и вреднување на знаењето на учениците; в) Работа со ученици со посебни потреби.
**Буџет:** 80924 €; **Финансиран:** Светска Банка, Холандска амбасада, МОН; **Имплементација**: Дек. 2007- Дек. 2008.

## 6. Креативен центар за деца со посебни потреби

Креативниот центар за деца со посебни потреби започна со работа април 2010 и го посетуваат деца со пречки во психичкиот развој кај кои имаат успорена моторика или недоволно развиена моторика. Осмислени се вежби и активности со кои би се подобрила и развила моториката, мислењето и помнењето кај овие деца кои што ги водат стручни лица ( психолози, педагози и дефектолози), професори по музичко и ликовно воспитување.

**Главна цел:** социјализација на децата со посебни потреби, развивање на нивните креативни способности, развој на моторика, мислење и помнење

**Поддршка** од : институциите, бизнис партнерите и граѓаните на Тетово, преку акции на собирање на хуманитарна помош, хуманитарна претстава за деца со посебни потреби (Април 2010-Август 2011), и сопствени ресурси на здружението.

**Активности:**
- ликовни работилници,
- креативни работилници,
- спортски активности
- екскурзии



### Активности за развивање на моторика
Осмислени се физички активности со професори по физичко воспитување за прилагоден пристап на вежби за подобрување на моториката како игри со топки, обрачи, куглање, пикадо, прескокнување на јажиња. Овие вежби се надополнуваат со активности од ликована уметност за развивање на фина моторика на обликување на фигури од пластелин и боење и сечење на фигури.

### Активности за подобрување на помнењето и мислењето
Врз основа на последните истражувања и истражување на светската литература тим на психолози, педагози и дефектолози направија програма која се користи во Креативниот центар. Децата најдобро учат низ игра, па затоа се смислени вежби за подобрување на помнењето и

мислењето. Врз основа на приказни, симулации и драматизација децата се воведуваат во определена тема, а потоа со помо с на сложувалки , логичли коцки, боенки се повторуваат и надополнуваат тоа што е научено за време на обработка на темата.

**Вклученост на волонтери стручни лица** дефектолози, педагози, психолози ликовни уметници и студенти од



**СОДРЖИНА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА**

**I Стратешки цели на НВО Среќен живот Тетово**

**Стратешка цел 1**
Искористување на сите можности и потенцијали на организацијата како и развивање на форми на лобирање за намалување на насилството и развој на демократијата и човековите права

**Стратешка цел 2**
Операцинолизација на плановите за вработување на лица со посебни протреби на локално ниво.

**Стратешка цел 3**
Развој и унапредување на образованието со инклузија на ученици со посебни потреби во училиштата и воопшто за сите ученици

**Стратешка цел 4**
Меѓусекторска и меѓугранична соработка како поддршка за евроинтеграциски процеси

Врз основа на овие стратешки цели Здружението Среќен живот ги има утврдено и краткорочните цели како оперативни цели во годишната програма за оранизацијата од 2017 година

II Програмски цели

1. Институциско зајакнување на Здружението Среќен живот Тетово и подружницата Среќен живот Скопје преку обуки на своите членови преку јасна секторска дефинираност на областите на делување
2. Интензивирање на соработката со централната власи и инфомирање на пошироката јавност за креирање и донесување на одлуки и подобрување на имич на НВО секторот
3. Заштита на правата и давање на бесплатна помош на маргинализираните ранливи групи и семејства и поддршка со обука
4. Намалување на невработеноста кај социјално ранливите групи преку обуки, прекавлификација и доквалификација

**Фокус**

Оваа година  Здружението Среќен живот ќе се фокусира на активности кои во минатата година не беа довршени и на активности кои бараат континуирано спроведување како што се:

- Да продолжиме да ги решаваме  идентификуваните приоритетите на Општина Теарце и да организираме граѓански форуми.
- Да продолжиме да работиме на проблемот на невработеноста на младите и жените од Тетовскиот регион
- Да обезбедиме донации за опстојување на Креативниот центар за деца со посебни потреби.

Оваа година ќе настојуваме да ги засилиме активностите околу намалување на невработеноста и подпбрување на економската состојба на граѓаните преку подобрување на можностите за вработување.

Посебно ќе се фокусираме кон финасиската оддржливост на организацијата.